**ДП. бр.321**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) , постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.09-3597/6 на Министерот за правда против извршител Б.К. од Скопје, во присуство на обвинетиот извршител по одржан главен претрес на ден 11.01.2012 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** Извршител Б.К. именуван за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

**ЗАТОА ШТО:**

Извршителот Б.К. од Скопје како заменик на извршител В.В. од Скопје на која и била изречена привремена забрана на вршење на должност, вршејќи ја должноста на заменик извршител превземал извршни дејствија по нови примени барања за извршување во канцеларијата на извршител В.В., врз основа кои се формирани нови извршни предмети од И.бр.164/11 до 29.03.2011 година до И.бр.241/11 од 16.09.2011 година, спротивно на чл. 48 став 3 од Законот за извршување

со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда од член 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон", па за сторената дисциплинска повреда, со примена на правилата за ублажување на казната од Кривичниот Законик на РМ му се изрекува дисциплинска мерка - ПАРИЧНА КАЗНА во износ од 5000 ЕВРА во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на исплата.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршителот Б.К. од Скопје утврдената парична казна да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука.

***Образложение***

Министерот за правда на ден 17.11.2011 година достави до Дисциплинската Комисија при КИРМ Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.09-3597/7 против извршител Б.К. од Скопје, како заменик на извршителот В.В. од Скопје, врз основа на извештајот на Министерство за правда бр. 09-3597/3 од 18.10.2011 година, за извршен надзор во канцеларијата на извршител В.В. од Скопје над работата на извршител Б.К. од Скопје спроведен на ден 03.10.2011 година.

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка против извршител е поднесен со наводи кои го товарат извршителот Б.К. од Скопје дека како заменик на извршителот В.В. од Скопје на која и е изречена дисциплинска мерка трајно одземање на правото на вршење на дожноста извршител и привремена забрана на вршење на должноста, вршејќи ја должноста на заменик извршител примил барања за извршување во канцеларијата на извршител В.В. по повод кои се формирани нови извршни предмети и по истите превземал извршни дејствија, спротивно на чл. 48 став 3 од Законот за извршување.

Во предлогот се наведува дека при извршениот надзор на ден 03.10.2011 година овластените лица од Министерството за правда констатирале дека по донесување на одлуката на Дисциплинската комисија на ден 10.03.2011 година во канцеларијата на извршител В.В. од Скопје примени се барања за извршување заведени од И.бр. 127/11 од 15.03.2011 година до

И.бр.241/11 од 16.09.2011 година. Односно дека, по денот на изрекување на привремената забрана за вршење на должноста извршител односно од 22.03.2011 година до денот на надзор - 03.10.2011 година, примени се барања за извршување заведени од И.бр.164 од 29.03.2011 година до И.бр.241/11 од 16.09.2011 година. Предлагачот предлага на извршителот да му се изрече соодветна мерка за сторена дисциплинска повреда од чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување.

Во своја одбрана обвинетиот извршител истакна дека со преземање на извршните дејствија како заменик на извршител В.В. од Скопје нема преземено дејствија кои не се предвидени или се спротивни на закон од причина што согласно чл. 48 ст.1 од ЗИ е предвидено дека заменикот на извршителот ги има истите права, обврски и одговорности како и извршителот. И наведе дека во член 40 од ЗИ се определени извршните дејствија кои извршителот ги презема и првото дејствие кое го предвидува законот е "прима барања за извршување". Извршителот наведе дека никаде во законот не постои конкретна одредба согласно која заменикот извршител не смее да прима нови барања за извршување туку напротив во чл. 3 став 2 од законот е пропишано дека:„ Извршителот не смее да го одбие спроведувањето на извршувањето, освен во случај ако се исполнети условите за негово изземање и ако има сознание дека за истата извршна исправа се спроведува извршување кај друг извршител." Извршителот Б.К. наведе и дека законодавецот не прави разлика кои должности и одговорности ги има заменик извршителот ако извршителот е спречен да презема извршни дејствија поради болест, кои поради отсуство, а кои поради привремена забрана за вршење на должноста –суспензија.
Понатаму, извршителот Б.К. истакна дека согласно обврската на извршителите за доставување на месечните извештаи за работа, извршителот како заменик извршител на В. В. ова секој месец од 29.03.2011 година до 16.09.2011 година редовно доставувал извештаи за работењето во канцеларијата на В.В. и во овие 6 извештаи јасно била наведена бројката за нови примени барања и никој од Комората на извршители ниту од Министерството за правда, до каде се доставувани овие извештаи, не му укажал на заменикот извршител дека постапува на начин што не е предвиден или се спротивен на закон, односно дека прави најтешка дисциплинска повреда, па извршителот наведува дека не бил потребен надзор за да се утврди дека се примаат нови барања од причина што тој уредно и редовно до надлежните доставувал месечен извештај од негова страна за работењето како заменик во канцеларијата на извршител В.В. Бидејќи заменикот на извршителот го заменува извршителот кога тој е спречен да спроведува извршни дејствија заради болест, отсуство или привремена забрана за вршење на должноста – суспензија, извршителот сметал дека со ова се подразбира и примање на нови предмети, а во моментот кога ги примал новите барања за извршител В.В., истата била под суспензија согласно одлуката на Дисциплинската Комисија, па во смисла на што извршителот смета дека постапувал согласно член 47 став 1 од ЗИ. По денот на надзор откако му било укажано дека не треба да се примаат нови барања за извршување, повеќе не биле примани нови барања за извршување и не било преземено дејствие по предходно заведените предмети. Во своја одбрана извршителот се повика на заклучоци од семинар на КИРМ од 15.10.2011 година , усвоени на седница на УО 20.10.2011 година , според кои:" ...не постои разлика помеѓу ситуации кога дејствува заменик извршителот поради редовна спреченост на извршителот или отсуство и во ситуација кога е изречена суспензија."

Во завршни зборови обвинетиот извршител истакна дека како заменик извршител постапувал совесно и стручно од причина што извршителот В.В. сеуште не била разрешена и тој како заменик сеуште бил должен да презема извршни дејствија во нејзината канцеларија.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 11.01.2012 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на: Извештај бр.09-3597/3 од 18.10.2011 година на Министерство за правда; Барање за извршување од ЕВН Македонија АД Скопје И.бр.170/11 од

11 мај 2011; Тужба со предлог за издавање платен налог со Решение ПЛ.бр.2077/08 на Основен суд Скопје 2 Скопје; Нарачка од ЕВН Македонија АД Скопје од 03.05.2011 година ; Фактура од извршител В.В. од бр.577/11 од 26.05.2011 година; Барање по чл. 41 ст.1 од ЗИ И.бр.170/11 од 27.05.2011 година на извршител В.В. од Скопје; Налог за извршување И.бр.170/11 по чл. 86 ст.1 од ЗИ од 27.05.2011 година на извршител В.В. од Скопје; Извод од конто бр. 354206 на ЕВН Македонија АД Скопје; Рецепис за примена пошта од 06.06.2011 година за примач Г. Г. за достава на налог од извршител В.В. од Скопје; Барање за извршување од Македонски телеком АД Скопје И.бр.240/11 од 14 сеп.2011 година ; Тужба со предлог за издавање платен налог со Решение ПЛ.бр.4334/08 на Основен суд Скопје 2 Скопје од 17.11.2008 година; Налог за извршување И.бр. 240/11 по чл. 202 ст.1 од ЗИ од 20.09.2011 година извршител В.В. од Скопје; Враќање на налог И.бр.240/11 од Тутунска банка АД Скопје од 23.09.2011 година; Преглед на даночен обврзник од УЈП М од 20.09.2011 година; 2 Доставници на извршител В.В. од Скопје И.бр.240/11 за достава на налог до Прокредит банка од 23.09.2011 година , без потпис на доставувач; Рецепис за примена пошта од 28.09.2011 година за примач Д.п. ДООЕЛ за достава на налог на извршител В.В. од Скопје; Барање за извршување од ЕВН Македонија АД Скопје И.бр.180/11 од 11.05. 2011 година до извршител В.В. од Скопје; Нарачка од ЕВН Македонија АД Скопје до извршител В.В. од датум 03.05.2011 година; Извод од конто бр.352742 за должник К.М. од Скопје; Барање за податоци и информации И.бр.180/11 од 30.05.2011 на извршител В.В. од Скопје; Преглед на податоци број 2 од 08.06.2011 година на Фонд за ПИОМ Скопје ; Фактура бр. 590/11 од 26.05.2011 година од извршител В.В. од Скопје до доверител ЕВН Македонија АД Скопје; Налог за извршување И.бр.180/11 од 30.05.2011 година на извршител В.В. од Скопје; Тужба со предлог за издавање платен налог со Решение Пл.бр. 613/2008 на Основен суд Скопје 2 Скопје од 02.07.2008 година; Рецепис за примена пошта од 14.06.2011 година за примач М.К. за достава на налог на извршител В.В. од Скопје; Барање за извршување од ЕВН Македонија АД Скопје И.бр. 170/11 од 11.05.2011 година до извршител В.В. од Скопје; Тужба за издавање на платен налог со Решение Пл. Бр.2077/08 од 10.12.2008 година на Основен суд Скопје 2 Скопје; Извод од конто бр. 354203 за должник Г.Г. Нарачка од ЕВН Македонија АД Скопје до извршител В.В. од датум 03.05.2011 година; Фактура бр. 577/11 од извршител В.В. од датум 26.05.2011 година ; Налог за извршување врз основа на чл. 86 ст.1 од ЗИ И.бр.170/11 на извршител В.В. од Скопје; Барање за информации и податоци И.бр.170/11 од 27.05.2011 година на извршител В. В. од Скопје; Рецепис за примена пошта од 06.06.2011 година за примач Г.Г. за достава на налог на извршител В.В. од Скопје; Барање за извршување од ЕВН Македонија АД Скопје И.бр. 177/11 од 11.05.2011 година до извршител В.В. од Скопје; Тужба за издавање на платен налог со Решение Пл. Бр. 2162/08 од 01.12.2008 година на Основен суд Скопје 2 Скопје; Барање за информации и податоци И.бр.177/11 од 30.05.2011 година извршител В.В. од Скопје; Нарачка од ЕВН Македонија АД Скопје до извршител В.В. од датум 03.05.2011 година; Преглед на регистрирани податоци од 08.06.2011 година на Фонд за ПИОМ Скопје; Фактура бр. 587/11 од извршител В.В. од датум 26.05.2011 година; Рецепис за примена пошта од 08.06.2011 година за примач Г.П. за достава на налог на извршител В.В. од Скопје; Рецепис за примена пошта од 22.06.2011 година за примач Општина Карпош за достава на налог на извршител В. В. од Скопје; Налог за извршување И.бр.177/11 од 30.05.2011 година на извршител В.В. од Скопје; Налог за извршување И.бр.177/11 од 14.06.2011 година на извршител В.В. од Скопје; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000163 ; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000162; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000160; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000159; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000158; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000157; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000156; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000155; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000154; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000152; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000020; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000019; Копие од Уписник на барања за извршување

страна бр. 0000140; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000141; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000142; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000143; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000144; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000145; Копие од Уписник на барања за извршување страна бр. 0000146; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000147; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000148; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000149; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000150; Копие од Уписник  на барања за извршување страна бр. 0000151; Копие од е -маил 21.06.2011 од извршител Б.К. од Скопје; Копие од извештај за месец мај на извршител В.В. од Скопје; Копие од извештај за месец април на извршител В.В. од Скопје; Копие од извештај за месец март на извршител В.В. од Скопје; Копие од е -маил 19.07.2011 од извршител Б.К. од Скопје; Копие од извештај за месец јуни на извршител В. В. од Скопје; Копие од е –маил 15. 08. 2011 од извршител Б.К. од Скопје; Копие од е –маил 14.10. 2011 од извршител Б.К. од Скопје; Копие од извештај за месец јули на извршител В.В. од Скопје; Копие од е –маил 15. 09. 2011 од извршител Б.К. од Скопје; Копие од извештај за месец август на извршител В.В. од Скопје; Копие од е –маил 14. 10. 2011 од извршител Б.К. од Скопје; Копие од извештај за месец септември на извршител В.В. од Скопје; Копие од е –маил 18. 11. 2011 од извршител Б.К. од Скопје;
Копие од извештај за месец октомври на извршител В.В. од Скопје.

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост,  заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда,  одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

Дисциплинската Комисија на КИРМ, на главен претрес на ден 10.03.2011 година  донела Решение ДП.бр. 309 со кое на извршител В.В. од Скопје и се изрекува дисциплинска мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.
По донесување на одлуката за трајно одземање на правото на вршење на должност во канцеларијата на извршител В.В. од Скопје биле примени барања за извршување заведени од И.бр. 127/11 од 15.03.2011 година до И.бр.241/11 од 16.09.2011 година .
Дисциплинската Комисија на КИРМ, на ден 22.03.2011 година, по службена должност, донела Решение ДП.бр.309-1 со кое на извршител В.В. од Скопје и се изрекува привремена  забрана за вршењето на должноста извршител врз основа на чл. 60 ст. 2 т. т.а од Законот за извршување.
По денот на изрекување на привремената забрана за вршење на должноста извршител, од ден 22.03.2011 година до ден 03.10.2011 година, во канцеларијата на извршител В.В. од Скопје биле примени барања за извршување заведени од И.бр.164/11 од 29.03.2011 година до И.бр.241/11 од 16.09.2011 година.
Извршителот Б.К. како заменик на извршител В.В. преземал извршни дејствија по новоформираните предмети во периодот од 22.03.2011 година до денот на спроведениот надзор од страна на Министерствоpo за правда.

Дисциплинската комисија утврди дека извршителот Б.К. од Скопје вршејќи ја должноста на заменик извршител на извршител В.В. од Скопје преземал извршни дејствија по новоформирани предмети кои биле примани во канцеларијата на извршител В.В. во период кога извршителот В.В. била под привремена забрана на вршење на должноста извршител, односно извршителот Б.К. како заменик на извршителот не ги преземал и не продолжил со работа по списите на извршителот, како што бил должен да постапи согласно на член 48 став 3 од Законот за извршување, со што овозможил извршителот В.В. да оформува нови предмети за времетраење на нејзина суспензија и тој вршејќи должност на заменик извршител превземал извршни дејствија по овие нови извршни предмети од И.бр.164/11 до 29.03.2011

година до И.бр.241/11 од 16.09.2011 година, со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда од член 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“.

Наводите од Предлогот на Министерот за правда кои се однесуват на постапување на извршителот Б.К. како заменик на извршител на извршителот В.В. од Скопје за време нејзина изречена дисциплинска мерка трајно одземање на правото на вршење на дожноста извршител, како и наводите дека извршителот Б.К. вршејќи ја должноста заменик извршител примил барања за извршување во канцеларијата на извршител В.В. од Скопје комисијата не ги зема во предвид од причина што од изведените докази несомнено се утврди дека обвинетиот извршител ја сторил дисциплинската повреда од член 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување која му се става на товар па овие наводи не беа од битно значење за утврдување на вината на обвинетиот извршител.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителните околности дека до сега на извршителот не му е изрекувана дисциплинска мерка и неговото примерно држење за време на дисциплинската постапка, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и последиците од истата, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 11.01.2012 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.